КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА МИКРО ЗЕМЈОТРЕС

По одлука бр. 0202 – 2789/2 од 26.04. 2019 година.

## Општи услови

**Член 1**

Со овие Посебни услови се регулираат правата и обврските на договорните страни, Осигурувачот кој е должен да обезбеди осигурително покритие од ризици утврдени со овие Посебни услови што го загрозуваат осигурениот имот од ризиците земјотрес, пожар и експлозија причинети од земјотерс и Договарачот на осигурувањето кој се согласува да ја плати премијата на Осигурувачот.

## Дефиниции

**Член 2**

Одделни изрази во овие Посебни услови го имаат следното значење:

1) **осигурувач** - КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ А.Д. Друштво за неживотно осигурување, Скопје (во понатамошниот текст: Кроација Осигурување/Осигурувач);
2) **осигуреник** - означува лице кое е сопственик на осигурен објект, или овластен поседник и/или овластен корисник на осигурениот објект, во чија корист се склучува договорот за осигурување. Ако тоа лице е договарачот, истото лице е и осигуреникот;
3) **договарач** - означува лице кое склучило договор за осигурување со осигурувачот и има обврска за плаќање на премијата;
4) **корисник на осигурувањето** - означува лице кое има право да побара надомест на штета поради настанување на осигурен случај. Освен ако не е поинаку наведено во важечките одредби од законските прописи или во договорот за осигурување, корисник на осигурувањето е осигуреникот;
5) **сума на осигурување** - го означува износот за кој е осигурен имотот или интересот во имотот, а согласно член 5 на овие Посебни услови. Тој износ го определува максималниот износ на обврската на осигурувачот која не е предмет на ревалоризација, освен ако со договор не е поинаку определено;
6) **полиса** - исправа за договор за осигурување;
7) **изграден објект** - означува станбена градба на локација опишана во полисата. Изградениот објект не опфаќа земјиште, без оглед дали земјиштето се наоѓа под изградениот објект или не, дури и кога е потребно за потпора. Изградениот објект не опфаќа други градби освен станбени градби, освен ако тие градби (1) имаат заеднички ѕид или континуиран покрив на станбената градба или мобилна куќа и/или (2) се споени со стамбена зграда или мобилна куќа со темели што се во продолжение или во допир со темелите на градбата;
8) **земјотрес** - означува напукнување во земјината кора проследено со вибрации, предизвикано од поместувања во земјината кора преку отпуштање на напрегањето предизвикано од тектонски процеси: некои од ефектите на оваа појава се тресење на тлото, втечнување на почвата и зајакнати движења на тлото. Поимот земјотрес не означува ниту опфаќа цунами или вулкански ерупции;
9) **осигурен случај** - означува земјотрес што се случил во Република Македонија или во соседните региони, со

моментна магнитуда еднаква или поголема од 5.0 согласно официјалното известување од страна на Европскиот медитерански сеизмолошки центар (European Mediterranean Seismological Centre). За референтна вредност на моментната магнитуда се смета вредноста објавена од страна на Европскиот медитерански сеизмолошки центар три дена по настанувањето на земјотресот. Секој земјотрес со вредност на моментна магнитуда пониска од 5.0 според извештајот на Европскиот медитерански сеизмолошки центар три дена по настанувањето на земјотресот, не се смета за осигурен случај според овие Посебни услови и полисата. Сите дополнителни земјотреси („последователни потреси"), како и пожари или експлозии што настануваат како последица од земјотресите во период од седумдесет и два часа по настапувањето на осигурениот случај, ќе се сметаат за дел од осигурениот случај. Со настапувањето на осигурениот случај што ги исполнува пропишаните услови започнува периодот на поднесување пријави на штети и трае од времето на земјотресот до 60 дена по објавување на референтната вредност на моментната магнитуда;

10) **тектонски процеси** - означува природни поместувања во земјината кора кои во целост претставуваат реакција на регионалните напрегања предизвикани од природни динамички сили во внатрешноста на земјата, и не се предизвикани, целосно или делумно, од човекова активност.

**Ризици и опфат на осигурувањето**
**Член 3**

Осигурувачот се согласува да осигури од ризици од непосредна физичка загуба или физичко оштетување на осигурениот имот што се непосредно предизвикани од земјотрес и/или пожар и експлозија предизвикани од земјотрес во текот на осигурениот период наведен во полисата, доколку не е исклучен со одредбите на овие Посебни услови или полисата.

**Осигурен имот**
**Член 4**

Имотот што е предмет на осигурување е изградениот објект (во понатамошниот текст именуван како Изграден објект) на локацијата опишана во полисата.

**Сума на осигурување**
**Член 5**

Сумата на осигурување за ризиците од член 3 став 1 на овие Посебни услови (во понатамошниот текст на овие Посебни услови „сумата на осигурување") е наведена во полисата и се однесува за целиот период наведен во полисата. Максималниот агрегиран износ на обврската за надомест на штета што може да се плати според полисата за сите осигурени случаи во рамки на осигурениот период, не може да ја надмине сумата на осигурување.

**Франшиза**
**Член 6**

Франшизата е износ означен во полисата кој се одзема од секоја штета што произлегува од секој настан опфатен со овие Посебни услови и полисата. Овој износ се пресметува со множење на процентот наведен во полисата со вкупната сума на осигурување за изградениот објект. Франшизата е на товар на осигуреникот.

**Решавање на штети**
**Член 7**

1) Барањата за надомест на штети по овие Посебни услови треба да бидат доставени од страна на Осигуреникот, без одложување, во рок од 60 дена по објавување на референтна вредност на моментната магнитуда.
2) Штетите на изградениот објект (во понатамошниот текст: објекти) кои се покриени по овие Посебни услови ќе се подмират по завршување на целосниот извештај за штетите изработен од страна на овластени проценители на штети, а согласно член 16 од овие Посебни услови. Во извештајот ќе се наведе степенот на штета за поединечни компоненти на објектите и на објектите во целина, според системот на класификација „степен на штета". Износите на надомест на штета поврзани со различни степени на загуба се наведени подолу:
   а) **мали оштетувања** се оштетувања што немаат значително влијание врз капацитетот на објектот и не ја загрозуваат безбедноста на лицата што престојуваат во просториите во смисла на паѓање на неструктурни елементи. Износот на надомест на штета за мали оштетувања е 4% од сумата на осигурување за објектот минус износот на франшиза;
   б) **средно оштетување** е оштетување што го намалува капацитетот на објектот без да се приближи до границата на делумно рушење (колапс) на главните структурни компоненти. Во случај на средно оштетување, износот на надомест на штета е 20% од сумата на осигурување за објектот минус износот на франшиза;
   ц) **сериозно оштетување** е оштетување што значително го намалува капацитетот на објектот блиску до границата на делумно рушење (колапс) на главните структурни компоненти. Износот на надомест на штета за сериозно оштетување е 40% од сумата на осигурување за објектот минус износот на франшиза;
   д) **тешко оштетување** е оштетување што во голема мера го намалува капацитетот на објектот многу блиску до границата на делумно рушење (колапс) на главните структурни компоненти. Износот на надомест на штета за сериозно оштетување е 75% од сумата на осигурување за објектот минус износот на франшиза;
   е) **рушење (колапс)** (или забрана за користење/престојување во објектот) е ниво на

оштетеност што се одликува со крајно тешки и непоправливи оштетувања или делумно рушење (колапс) на структурните компоненти, се до ниво на целосна уништеност на објектот. Во случај на рушење (колапс) (или забрана за користење/престојување во објектот) износот на надомест на штета е целата сума на осигурување за објектот минус износот на франшиза.

3) Надоместокот на штета во рамки на овие Посебни услови и полисата за побарувања настанати од Осигурен случај се пресметува како износ од побарувањата пресметани за структурата согласно точка (1) од овој член, намалено за франшизата наведена во полисата. Надоместокот на штета ќе биде исплатен доколку износот кој е резултат на пресметките е позитивен. Без оглед на оваа одредба, вкупниот агрегиран надомест во рамки на полисата за ризиците осигурани по овие Посебни услови за време на осигурениот период, во никој случај, не ја надминува сумата на осигурување утврдена во член 5 од овие Посебни услови.

**Клаузула за право на инспекција**
**Член 8**

На осигурувачот ќе му биде дозволено, но нема да има обврска, во разумно време да изврши инспекција на осигурениот имот.

За осигурувачот:

а) правото да врши инспекции;

б) изведувањето инспекции;

ц) анализите, советите или извештаите од инспекциите нема да се сметаат за преземање обврска, во име или во корист на осигуреникот или друго лице, за да се утврди или гарантира дека осигурениот имот е безбеден или во добра состојба. Ниту една инспекција или одлука да не се врши инспекција, не создава обврска на осигурувачот кон осигуреникот или кон кои било трети лица.

**Исклучоци (штети што не се опфатени)**
**Член 9**

(1) Со ова осигурување не се опфатени:

1) секаков вид на имот кој не е во сопственост на осигуреникот, не го поседува, или нема овластување да го користи.
Независно од сопственоста, ова осигурување не покрива:

2) фрески, мозаици, мурали и слични украси;

3) земјиште, без оглед дали се наоѓа под осигурените објекти или не;

4) имоти слични на, но не ограничени на: моторни возила и приколки од каков било вид, воздухоплови и нивни делови или опрема, контејнери и нивна придружна опрема, шуми, дрвја, растенија, тревници, земјоделски култури/посеви, животни (добиток и домашни миленичиња), вештачки акумулации, базени за пливање, конструкции (на пр., огради, оградни ѕидови и сл.) коишто не претставуваат составен дел на осигурените изградени објекти, патишта, улици, приоди, патеки, мостови, подземни канали, тениски или други рекреативни терени, гат, пристаниште, писти, поплочени или други вештачки површини, грејачи, филтри, пумпи и цевки, каде и да се наоѓаат, ако не се вградени при изградбата и/или обновата на осигурените изградени објекти; антени, сателитски антени и сите придружни постројки што ги потпираат или прицврстуваат истите, и сите штети што произлегуваат од преместување;

5) загуби од оштетувања од вода, без оглед дали се предизвикани од земјотресот или не, последици од поплава, дожд, површински води, цунами, плимни напливи, истекување на води од коритата, подземни води без разлика дали се природни или вештачки;

6) штети на осигурениот имот поради трајно изместување на тлото (свлечиште), освен кога е предизвикано од земјотрес;

7) последични штети, што опфаќа но не се ограничува на изгубен пристап, изгубена добивка, прекин на работењето, изгубена корист и трошоци за закуп, секој друг вид економска загуба, финансиски обврски или загуби поради преземени обврски, лични незгоди, оштетувања на здравјето, смрт, ментални оштетувања, морални штети, вандализам, кражба, прекин во снабдувањето со електрична енергија итн.;

8) штети произлезени од намерно дејство на осигуреникот со цел да се предизвика, отежни или зголеми штетата;

9) ова осигурување не покрива трошоци за отстранување на остатоци од објектот и привремени трошоци за живеење;

10) исклучоци за војна, нуклеарна енергија и загадување:

1. ова осигурување не надоместува загуби или штети непосредно или посредно предизвикани или настанати во тек или како последица на војна, инвазија, дејства на странски непријател (без оглед дали војната е формално објавена или не), граѓанска војна, бунт, револуција, востание, воена или узурпаторска конфискација, национализација или одземање, уништување или оштетување на имот во воени или слични цели од страна или по наредба на која било влада или јавна или локална власт;
2. ова осигурување не опфаќа какви било штети или одговорност што произлегува непосредно или посредно од ризици поврзани со атомска или нуклеарна енергија;
3. ова осигурување не опфаќа штети што произлегуваат од какво било загадување на подземни води, земја или предмети, или трошоци за надзор, расчистување, отстранување, запирање на ширењето,

третман, детоксификација или неутрализација на загадувачки материи;

11) биолошки или хемиски материјали и микроорганизми.

Со ова осигурување не се осигурува никаква загуба, штета, побарување, трошок, издаток или друг износ од каков било вид што непосредно или посредно е предизвикан, произлезен, поврзан или се јавува како последица на:

1. злонамерна употреба или закана за злонамерна употреба на патогени или отровни биолошки или хемиски материјали без оглед на други причини или настани што придонесуваат истовремено или по каков било редослед;
2. мувла, габи, спори или други микроорганизми од каков било вид, природа или опис, вклучително но не ограничено на какви било супстанции чиешто присуство претставува закана или потенцијална закана за човековото здравје.

Овој исклучок важи без оглед дали има:

1. физичка штета или загуба на осигурениот имот;
2. осигурена опасност или причина, без оглед дали кон настанот придонесува истовремено или во каков било редослед;
3. загуба на користење, можност за престојување или функционалност; или
4. потребни дејства што опфаќаат но не се ограничуваат на поправка, замена, отстранување, расчистување, ублажување на негативните последици, депонирање, преместување, или чекори преземени за правни или здравствени потреби.

**Лажни пријави на штети**
**Член 10**

Доколку осигуреникот поднесе пријава на штета за која знае дека е лажна или дека претставува измама, во однос на износот или во однос на друг елемент, полисата престанува да важи и сите побарувања во однос на истата се неважечки.

**Клаузула за седумдесет и два часа**
**Член 11**

Со оваа клаузула се договара дека сите загуби или штети на имотот што се случиле во кој било период од седумдесет и два последователни часа во кои спаѓа настанот, а истите загуби или штети се непосредно предизвикани од земјотрес или последователен потрес, ќе се смета дека се предизвикани од еден земјотрес и следствено сочинуваат една штета во смисла на овие Посебни услови и полисата.

**Времетраење на договорот, измени, решавање на спорови**
**Член 12**

1) Освен ако не е поинаку наведено во полисата, времетраењето на осигурителната полиса ќе биде една година. Договорните страни ќе може да го обноват овој Договор по писмено известување.
2) Ова осигурување ќе влезе во сила во 24:00 часот на денот на започнување наведен во полисата и важи ако е платена премијата за осигурување или првата рата од премијата, а истекува во 24:00 часот на истекот на рокот наведен во полисата.
3) Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од договорот. Во случај на неисполнување на договорните обврски од страна на една страна, другата страна има право да побара раскинување на договорот преку писмено барање, но само ако се исполнети условите за тоа согласно овие Посебни услови и Законот за облигационите односи.
4) Осигуреникот, доколку е договарач на осигурување може да го пренесе ова осигурување во писмена форма кога се пренесува името на осигурениот изграден објект на друго лице.
5) Сите референци за денови ќе бидат календарски денови, освен ако не е поинаку предвидено.

**Плаќање на премија и последици од неплаќање**
**Член 13**

(1) Договарачот ја плаќа премијата одеднаш, ако поинаку не се договори.
(2) Ако е договорено плаќање на премијата на рати, Договарачот ја плаќа првата рата во моментот на склучување на договорот за осигурување, најдоцна до 15 дена.
(3) Во случај на штета, сите рати на премијата доспеваат за наплата и се одбиваат од штетите при исплатата.
(4) Кроација Осигурување е овластена сите доспеани неплатени рати на премијата да му ги одбие на осигуреникот при исплатата на штета.
(5) Кроација Осигурување има право да пресмета и наплати законска казнена камата на сите доспеани, а неплатени износи согласно полисата/анексот за плаќање и овие Посебни услови, сметајќи од денот на паѓање во задоцнување до денот на целосна исплата.
(6) Кроација Осигурување го задржува своето право за раскинување на договорот за осигурување поради неплаќање на премија, а согласно член 969 од Законот за облигациони односи.

**Решавање приговори, постапка на вонсудско решавање спорови, надлежен суд во случај на решавање на спор, упатување на Агенцијата за супервизија на осигурување, како надлежен орган за супервизија на друштвото**
**Член 14**

(1) Доколку договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето не се задоволни од првостепената одлука на Осигурувачот, имаат право да поднесат приговор во рок од 8 дена до Комисијата на осигурувачот која одлучува по приговори. Приговорот може да му се упати на осигурувачот на адресата на Кроација Осигурување или во просториите на Кроација Осигурување.
(2) Приговорот треба да содржи:

- име и презиме и адреса на подносителот на приговорот кој е физичко лице или на неговиот законски застапник, односно фирма, седиште и име и презиме на одговорното лице на подносителот на приговорот кој е правно лице;
- причини за приговорот и барања на подносителот на приговорот;
- докази со кои се потврдуваат наводите од приговорот кога е можно тие да се приложат, а може да содржи и исправи кои не биле разгледувани во постапката во која е донесена одлуката поради која се поднесува приговорот како и предлози за изведување докази;
- датум на поднесување на приговорот и потпис на подносителот на приговорот односно лицето кое го застапува;
- полномошно за застапување, кога приговорот е поднесен преку полномошник.

(3) Друштвото е должно во писмена форма да одговори на приговорот во законски предвидениот рок.

(4) Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето можат да доставaт жалба за работењето на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

(5) Во случај на спор, договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето ќе се обидат спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, надлежен е стварно надлежниот суд во местото на седиштето на осигурувачот.

**Измена на назив и адреса на осигуреник/договорувач**
**Член 15**

(1) Во случај на промена на адресата/седиштето или називот/името или презимето на договарачот односно осигуреникот, истиот е должен веднаш, но не подоцна од 3 дена од денот на промената, за истото писмено да го извести друштвото за осигурување.

(2) Во спротивно, сите писмена кои ќе се пратат на адресата која му е последна позната на друштвото за осигурување ќе се сметаат за уредно пратени.

**Рок за исплата на штета и заложни права**
**Член 16**

(1) Кога ќе се случи осигуран ризик, осигурувачот е должен да исплати надокнада во рок од 14 (четиринаесет) дена, сметајќи од денот кога осигурувачот добил известување дека се случил осигурен ризик.
Ако за утврдување на обврската на осигурувачот е потребно извесно време, овој рок почнува да тече од денот кога е утврдено дека постои негова обврска за исплата.

(2) По истекување на 14 (четиринаесет) дена од пријавата на штетата доколку не е утврдено обврската на осигурувачот за исплата, осигурувачот е должен на барање на овластено лице да исплати сума на неспорен дел на својата обврска на име аконтација.

(3) По настапувањето на осигурениот случај, заложните права и другите права што порано постоеле над осигурениот предмет, го имаат за предмет надоместот што се должи, како во случај на осигурување на сопствен предмет, така и во случај на осигурување на туѓи предмети поради обврската за нивното чување и враќање, па друштвото за осигурување не може да му го исплати надоместот на осигуреникот без согласност од носителите на тие права. Овие лица можат да бараат непосредно од друштвото за осигурување, во границите на сумата на осигурувањето и според законскиот ред, да им ги исплати нивните побарувања. Меѓутоа, ако во моментот на исплатата друштвото за осигурување не знаело ниту можело да знае за тие права, извршената исплата на надоместот на осигуреникот останува полноважна.

**Начин на поднесување на приговор, односно жалба против работењето на друштвото за осигурување**
**Член 17**

(1) Во случај кога осигуреникот, односно корисникот на осигурувањето смета дека друштвото за осигурување не се придржува кон одредбите од договорот за осигурување, истиот може да достави претставка до:
   1. Организационата единица надлежна за решавање на спорови меѓу договорни страни во рамките на друштвото за осигурување (комисија за постапување по преставки).
   2. Службата за внатрешна ревизија во друштвото за осигурување.
   3. Организацијата за заштита на потрошувачи и
   4. Агенцијата за супервизија на осигурување.

Друштвото за осигурување преку воспоставен систем и интерни процедури одлучува по поднесените преставки во рок од 30 дена од денот на поднесување на преставката. Друштвото води регистар на доставени и решени преставки и за истите во законските рокови е должно да ја известува Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

**Форма на договор, измени, заштита на личните податоци**
**Член 18**

(1) Овие Посебни услови се составен дел на договорот за осигурување (полисата).

(2) Договорот за осигурување како и сите негови дополнувања и измени се полноважни само ако се склучени во писмена форма. Сите известувања и изјави кои се даваат во врска со одредбите од договорот за осигурување мора да бидат дадени во писмена форма.

(3) КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ се обврзува дека ќе ја чува приватноста на своите клиенти. Собираме само нужни, основни податоци за купувачите/корисниците со цел склучување договор за осигурување, а ги обработуваме за маркетиншки цели само доколку поседуваме соодветна согласност. Се обврзуваме да обезбедиме заштита на личните податоци на сите свои клиенти, кои ќе им ги препраќаме на надлежните органи согласно позитивните прописи. Сите податоци за клиентите се чуваат строго и достапни им се само на вработените на

кои тие податоци им се нужни за вршење на работата. Сите вработени на КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ и деловните партнери се одговорни за почитување на начелото на заштита на приватноста.

**Упатување на други услови, потврда за примање на условите и др.**

**Член 19**

(1) На односите кои произлегуваат од договорот за осигурување, а не се уредени со овие Посебни услови или полисата за осигурување, се применуваат одредбите од Општите услови за осигурување на имоти Законот за облигациони односи и останатите важечки прописи на Република Македонија.

(2) Договарачот на осигурување/осигуреникот со потписот на понудата/полисата изречно потврдува дека пред склучувањето на договорот за осигурување е писмено известен од осигурувачот за сите податоци согласно одредбите од член 49-51 од Законот за супервизија на осигурувањето.

**Стапување на сила**

**Член 20**

(1) Овие Посебни услови влегуваат во сила со денот на донесување, а се применуваат на договорите за осигурување склучени по 26.04.2019 година.

КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД
Друштво за неживотно осигурување Скопје
Претседател на Одбор на директори
Никола Мишетиќ